

Емануил Карамфилович (1855 - 1895) е македонски револуционер и јавна личност. При избувнувањето на Македонското (Кресненско) востание на 5 октомври 1878 година, се приклучил во редовите на востаниците. Во 1881 година бил избран за потпретседател на Бугарско-македонското добротворно друштво, чија цел била да им помогне на дел од сиромашните Македонци да се школуваат.

Емануил (Мане) Карамфилович е роден во 1855 година во Велес, во маалата Прцорек, во семејството на велешкиот првенец Петар Карамфилович и Ана од Солун. Неговиот брат Димитар Карамфилович бил истакнат преродбеник.

Емануел дипломирал на Шумарското училиште во Букурешт, Романија и веројатно бил единствениот Македонец што дипломирал пред 1878 година. Се вратил во Велес, но по 1878 година, бегајќи од зулумите во татковината, заминал во новоформираното Кнежество Бугарија, каде што работел во канцаларијата на губернаторот.

При избувнувањето на Македонското (Кресненско) востание во октомври 1878 година, Емануил Карамфилович поднел оставка и се приклучил во редовите на македонските востаници.

По востанието, Емануил (Мане) Карамфилович, кој има соодветно образование, раководел со огранокот на новосоздадената Шумска служба во Варна. Тој бил прв провинциски шумар во Кнежевството, кој на 1 март 1880 година, бил назначен  од бугарскиот кнез Александар I.

Мане работел во Бугарија во тешко време на нерешено законодавство и отворен бандитизам, како и во време кога неговиот македонски народ во татковината патти под османлиска власт. Поради тоа се вклучува во политиката и станува член на македонско добротворно друштво.

Во локалната политика, Мане бил активист на Либералната партија, а на 19 јули 1881 година бил избран за потпретседател на Бугарско-македонското добротворно друштво (подоцна Македонско добротворно друштво), кое го помагало македонското население останато под османлиска власт. Целта на ова добротворно друштво било да им помогне на дел од сиромашните Македонци, да се поддржат во Педагошките училишта, а на други да им помагаат за училишните потреби итн.

Мане Карамфилович се оженил со гркинката Еленора Кувелас со која има два сина Панајот и Петар Карамфиловиќ и кои се занимавале со револуционерна дејност.

Емануил (Мане) Карамфилович загинал во несреќен случај во Варна во 1895 година, на 40-годишна возраст. Тој бил фрлен од коњ.



подгитвил: Т.К.